СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата



Дирекција за тргување и девизен пазар

**Дневни финансиски вести** **04 Мај 2012**

## Издвојуваме:

Прометот на домашниот девизен пазар вчера изнесуваше ЕУР 17,7 млн. Меѓу банките беа истргувани вкупно ЕУР 0,9 млн., од кои ЕУР 0,7 меѓу маркет- мејкерите. Цени се движеа меѓу 61,65 и 61,67.

НБРМ вчера објави дека ја намалува каматната стапка на благајничките записи од максималните 4% на 3,75% заради бавните кредитни текови и контролираната инфлација. Повеќе на www.nbrm.mk

МинФин објави Проспект за аукцијата што треба да се одржи на 8- ми мај. Понудени за продажба се 3- месечни ДЗ без девизна клаузула, во износ од МКД 1,750,000,000 и каматна стапка од 4,20%.




Извор: НБРМ

За ликвидносни потреби и тргување може да се купуваат/ продаваат веќе издадените државни хартии од вредност на секундарниот пазар.

Индикативни цени на државни записи на секундарен пазар

| Датум на аукција | Ознака на аукција | Датум на доспевање | Денови до доспевање | Каматна стапка | Девизна клаузула | Куповен принос на SB | Продажен принос на SB |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3-Jan-12 | **ДЗ2012/01-182dk** | 4-Jul-12 | 61 | 4,10% | dk | 4.40% | 4,00% |
| 7-Feb-12 | **ДЗ2012/02-196dk** | 22-Aug-12 | 110 | 4,10% | dk | 4,40% | 4.00% |
| 21-Feb-12 | **ДЗ2012/08-84dk** | 16-May-12 | 12 | 4,10% | dk | 4.40% | 4,00% |
| 21-Feb-12 | **ДЗ2012/07-84** | 16-May-12 | 12 | 4,20% | - | 4,40% | 4.00% |
| 6-Mar-12 | **ДЗ2012/09-91** | 6-Jun-12 | 33 | 4,20% | - | 4,40% | 4.00% |
| 6-Mar-12 | **ДЗ2012/10-91dk** | 6-Jun-12 | 33 | 4,10% | dk | 4,40% | 4.00% |
| 6-Mar-12 | **ДЗ2012/03-182dk** | 5-Sep-12 | 124 | 4,10% | dk | 4.40% | 4,00% |
| 13-Mar-12 | **ДЗ2012/11-91** | 13-Jun-12 | 40 | 4,20% | - | 4.40% | 4.00% |
| 13-Mar-12 | **ДЗ2012/12-91dk** | 13-Jun-12 | 40 | 4,10% | dk | 4.40% | 4,00% |
| 3-Apr-12 | **ДЗ2012/13-91** | 4-Jul-12 | 61 | 4,20% | - | 4.40% | 4,00% |
| 3-Apr-12 | **ДЗ2012/14-91dk** | 4-Jul-12 | 61 | 4,10% | dk | 4.40% | 4,00% |
| 17-Apr-12 | **ДЗ2012/15-91** | 18-Jul-12 | 75 | 4,20% | - | 4,40% | 4,00% |
| 17-Apr-12 | **ДЗ2012/16-91dk** | 18-Jul-12 | 75 | 4,10% | dk | 4,40% | 4,00% |
| 30-Apr-12 | **ДЗ2012/17-98** | 8-Aug-12 | 96 | 4,20% | - | 4,40% | 4,00% |
| 30-Apr-12 | **ДЗ2012/18-98dk** | 8-Aug-12 | 96 | 4,10% | dk | 4,40% | 4,00% |
| 30-Apr-12 | **ДЗ2012/04-189dk** | 7-Nov-12 | 187 | 4,10% | dk | 4,40% | 4,00% |

Референтни каматни стапки

| Валута 07/05 | o/n | 1 week | 1 m | 3m | 6m | 9m | 12m |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Libor USD** | 0.14700 | 0.18960 | 0.23875 | 0.46585 | 0.72740 | 0.88780 | 1.04920 |
| **Libor CHF** | 0.03167 | 0.04333 | 0.07500 | 0.11167 | 0.18500 | 0.26700 | 0.39283 |
| **Euribor** | 0.343 | 0.317 | 0.399 | 0.70 | 0.988 | 1.147 | 1.295 |
| **Skibor** | 2.15 | 3.13 | 4.11 | 4.64 | 5.28 | 5.76 | 6.21 |

Извор: Reuters и НБРМ

Каде викендов?- Вечерва, со почеток во 20ч. во Универзалната Сала културно-уметничкото друштво „Танец“ и Детскиот културен центар „Карпош“ организираат хуманитарен концерт за помош на децата со посебни потреби од основното специјално училиште „Иднина“. Утре е журката White Dimension во Метрополис, а во недела Скопскиот маратон...




Извор: Danske Bank

На вчерашната прес- конференција на ECB не се случи ништо спектакуларно. Централната банка ја остави референтната каматна стапка на исто ниво, 1% и не најави никакви дополнителни монетарни мерки. Иако и Марио Драги призна дека последните серии на економски податоци од еврозоната се под очекувањата, сепак на овој состанок не е разговарано за намалување на каматните стапки. Економската ситуација во еврозоната би требало значително да се влоши за да биде преземен ваков чекор. Затоа во наредниов период повеќе акцент се очекува да биде ставен на економските индикатори, а со тоа ќе се зголеми и нивното влијание во движењето на финансиските пазари. ECB е сеуште во т.н wait- and- see mode т.е сеуште чека да го види влијанието на двете 3- годишни аукции на ликвидност и да ја оцени нивната успешност. За сега ECB не смета дека е потребно да воведува нови монетарни стумилации, туку периодов очекува владите на членките на еврозоната да се ангажираат околу спроведувањето на реформите кои би требало да ја поправат ситуацијата во јавните финансии. Следниот состанок на ECB е на 6- ти јуни кога ќе бидат објавени и новите проекции за економијата, инфлацијата и останатите макроекономски индикатори.

Денес во 14:30ч. се објавуваат најзначајните индикатори за американскиот пазар на труд, non- farm payrolls и стапката на невработеност. Консензусот покажува дека се очекува зголемување за околу 160,000 нови работни места за април. Во февруари беа креирани нови 240,000 работни места, а во март 120,000. Доколку објавената бројка е под консензусот, тогаш EUR- USD би де движел кон нивото 1,3240, а доколку биде објавена некоја спектакуларна бројка, тогаш кросот би можел да го пробие нивото од 1,30.

Големо влијание врз движењето на финансиските пазари се очекува да имаат и резултатите од изборите во Франција и Грција викендов.

Поважни економски индикатори на Г7 земјите за денес

| | | |
|---|---|---|
| 09:53 | Ger | PMI Services index |
| 09:58 | EU | PMI Services index |
| 14:30 | US | Non- farm payrolls |
| 14:30 | US | Unemployment rate |

Интервалутни курсеви во 09:30 часот

| | | | |
|---|---|---|---|
| **EURUSD** | 1.3154 | **XAU** | 1633.71 |
| **EURCHF** | 1.2013 | **XAG** | 30.06 |
| **EURAUD** | 1.2813 | **Brent** | 116.45 |
| **EURGBP** | 0.8124 | **Copper** | 8318 |
| **EURJPY** | 105.45 | **Nickel** | 17380 |
| **USDJPY** | 80.15 | **Zink** | 2000.5 |

Извор: Reuters

Цени и приноси на државни обврзници

| **рок** | **2 години** | | **3 години** | | **5 години** | | **10 години** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **земја** | **цена** | **принос** | **цена** | **принос** | **цена** | **принос** | **цена** | **принос** |
| **US** | 99.9688 | 0.2658 | 99.98438 | 0.3803 | 100.2578 | 0.8221 | 100.625 | 1.9294 |
| **В. Британија** | 103.333 | 0.421 | 105.938 | 0.537 | 103.302 | 1.031 | 117.36 | 2.042 |
| **Канада** | 98.915 | 1.306 | 98.908 | 1.408 | 99.67 | 1.571 | 105.95 | 2.091 |
| **Германија** | 100.285 | 0.095 | 105.989 | 0.192 | 100.783 | 0.584 | 101.29 | 1.611 |
| **Франција** | 106.82 | 0.498 | 107.61 | 0.885 | 100.301 | 1.684 | 100.784 | 2.908 |
| **Италија** | 99.976 | 3.035 | 98.259 | 3.663 | 100.782 | 4.622 | 96.693 | 5.512 |
| **Шпанија** | 100.167 | 3.311 | 99.913 | 4.03 | 98.187 | 4.702 | 100.358 | 5.796 |
| **Грција** | - | - | - | - | - | - | 24.029 | 20.81 |
| **Македонија** | | | | | 100.00 | 5.50 | | |

Извор: Reuters

Берзански индекси

| | 9:30h | претходен ден | +/- | 3-Jan-11 | +/- |
|---|---|---|---|---|---|
| DAX | 6694.44 | ↓ | -0.24 | 6075.52 | 10.19 |
| Dow Jones | 13206.59 | ↓ | -0.47 | 12217.56 | 7.49 |
| FTSE | 5766.55 | ↑ | 0.15 | 5572.28 | 3.49 |
| Nikkei 225 | 9380.25 | ↑ | 0.32 | 8455.35 | 10.94 |
| Hang Seng | 21203.5 | ↑ | 0.25 | 18824.3 | 12.64 |
| MBI- 10 | 1997.68 | ↑ | 0.87 | 1975.79 | 1.11 |




Извор: Reuters

За подетални информации обратете се во Дирекцијата за тргување и девизен пазар на следниве контакт лица:

Билјана Јованоска тел. 3295- 109; е- mail: biljana.jovanovska@stb.com.mk
Сашо Радевски тел: 3295- 108; е- mail: saso.radevski@stb.com.mk
Стојан Донески тел: 3295- 107; е- mail: stojan.doneski@stb.com.mk

Правни напомени:

Оваа публикација ја издава Стопанска Банка АД Скопје и е наменета за нејзините клиенти. Информативниот карактер на оваа публикација значи дека таа не може да служи како замена за сопствените проценки на било кој читател на оваа публикација. Информациите, мислењата, заклучоците, прогнозите и проекциите кои се изнесени во оваа публикација се засноваат на јавно достапни извори на податоци кои Банката ги користи, но за кои не гарантира.
Според тоа, Банката не сноси никаква одговорност за бизнис одлуките на клиентите кои се базираат на оваа публикација.